ОПШТИНА РАДОВИШ

Бул.Александар Македонски бб
2420 Радовиш
Тел. 032/635-007
Факс 032/630-290
Web page: www.radovis.gov.mk
E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk
radovis@radovis.gov.mk

Бр. 34-1321/3
06/07/2015

Врз основа на Програмата за јавни работи 2012-2017 година на Општина Радовиш, Одлуката за усвојување на Акциониот план за јавни работи на Општина Радовиш за 2015 година бр. 08-1273 од 02.07.2015 година, Решение за назначување на Комисија за спроведување и мониторинг на јавен оглас за ангажирање на 10 работници за изведување на јавни работи во рок од 4 месеци, Комисијата за спроведување и мониторинг на јавен оглас за ангажирање на 10 работници за изведување на јавни работи во рок од 4 месеци на Општина Радовиш, на ден 06.07.2015 година, објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## за ангажирање на 10 работници за изведување на јавни работи во рок од 4 месеци.

Услови за пријавување:

а) долгорочно евидентирани невработени лица

б) ниско квалификувани невработени лица

в) лица над 55 години

- за лицата кои ќе бидат избрани и ангажирани е предвидена финансиска подршка во износ од 7.200,оо денари месечно (во кои е вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување) по едно ангажирано невработено лице месечно.
- За време на јавните работи ангажираните невработени лица не ги губат правата по основ на невработеност.
- Пријавувањето ќе се врши во просториите на Општина Радовиш во Архива од 06.07.2015 а најдоцна до 10.07.2015 година, секој ден од 7,30 часот до 15,30 часот.
- Заинтересираните лица можат да подигнат формулар за пријавување во просториите на Општина Радовиш во Архива од 06.07.2015, а најдоцна до 10.07.2015 година, секој ден од 7,30 часот до 15,30 часот.

- Со секое од избраните лица, по извршениот избор, Општина Радовиш ќе склучи посебен договор.

Избраните лица ке работат на следните работни задачи:

- Одржување на градските и руралните паркови;
- Одржување и чистење на објектите и нивната околина кои се во сопственост на ЕЛС Општина Радовиш;
- Одржување и чистење на радовишка река;
- Зелените површини покрај стамбените згради;
- Зелените површини на бул.Александар Македонски;
- Чистење на локалните патишта и улици (на ниво на општина);
- Чистење на канафки и канали (на ниво на општина);
- Обележување на локалните патишта и улици со хоризонтална и вертикална сигнализација (на ниво на општина);

Комисија за јавни работи